Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 23.06.2020

На 22.06.2020 во 21,30 часот, полициски службеници од СВР Скопје на бул."Партизански одреди", го лишиле од слобода Т.Г.(19) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.06.2020 околу 19,00 часот на регионалниот пат Валандово–Струмица на влез во Струмица полициски службеници од СВР Струмица забележале товарно моторно возило,,ивеко дејли" со скопски регистарски ознаки за кое имале информација дека превезува мигранти, по што возачот го застанал возилото и го напуштил местото на настанот. Во возилото полициските службеници пронашле 64 лица-мигранти сите од Бангладеш. Лицата се сместени во ПТЦ-Виноџут во Гевгелија за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.06.2020 во 16,30 часот во СВР Скопје, Р.Ј. од Скопје пријавил дека во сопствениот двор во населба Хиподром при извршување градежни работи во шахта пронашол експлозивна направа. Полициски службеници од Полициска станица Гази Баба излегле на местото на настанот и констатирале дека се работи за неактивирана рачна бомба М-75(кашикара).Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје. Експлозивната направа е подигната од местото на настанот од Единицата за антитероризам при МВР за понатамошна постапка.

На 22.06.2020 во 14,00 часот било пријавено дека во с.Горно Свиларе-скопско велосипед управуван од 13 годишник удрил во 11 годишен пешак двајцата од с.Горно Свиларе. Во незгодата со повреди се здобиле двете деца, по што бише пренесени во Комплексот клиники "Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 22.06.2020 во 11,30 часот било пријавено дека на влез на Клиничката болница Штип патничко моторно возило "Мерцедес Вито" со велешки регистарски ознаки управувано од П.С.(56) од Берово удрило во пешак Л.Б. (72) од Штип. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила Л.Б. по што и била укажана лекарска помош во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Штип.

На 22.06.2020 во 00,30 часот било пријавено дека во Струмица на ул.„Широк Дол" 14-годишник кој управувал моторцикл „Априлија" со струмички регистарски ознаки изгубил контрола и паднал. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил моторциклистот, а со телесни повреди се здобил сопатникот по што бише пренесени во Општата болница Струмица за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Струмица.

На 22.06.2020 во 21,55 часот во Полициската станица Кисела Вода В.С.(46) пријавила дека на ул."Козјак" нејзината 13 годишна ќерка била каснат од куче скитник.

На 22.06.2020 во 15,40 часот во Полициската станица Аеродром И.С.(46) од Скопје пријавил дека на бул."Јане Сандански" бил каснат од куче скитник.

Во текот 22.06.2020 на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје санкционирани се шест возила бидејќи биле нерегистрирани, четири возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, еден возач поради управување на возило под дејство на алкохол, еден возач бидејќи поминал на црвено светло, три пешаци поради сторени прекршоци и 38 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

 На 22.06.2020 околу 11.00 часот во Полициската станица Неготино било пријавено дека во фирма на ул.„Железничка" во Неготино, при изведување на градежни работи С.М.(50) од с.Криволак се здобил со тешки телесни повреди. Тој бил пренесен во комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје за укажување лекарска помош. Бил извршен увид на местото на настанот.

На 22.06.2020 во 07,15 часот во Полициската станица Прилеп, К.С.(58) од Прилеп пријавила дека во нејзиниот дом во Прилеп била физички нападната со нож од нејзиниот сопруг З.С.(57) кој имал здравствени проблеми при што и биле нанесени тешки телесни повреди, констатирани од доктор во Општата болница Прилеп. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.06.2020 околу 09,00 часот во СВР Битола, Ц.И. од Битола пријавила дека во стан ул.„Пецо Божиновски" во Битола сопственост на нејзината мајка Љ.П.(86), која имала здравствени проблеми, истата ја пронашла почината. Од доктор од итна медицинска помош била констатирана смрт. По наредба на јавен обвинител, телото на починатата е дадено на обдукција.

На 21.06.2020 околу 20,00 часот во Полициска станица Карпош, било пријавено дека од Јавната установа за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение на ул.„Козле" во Скопје се оддалечиле нивните штитеници А.Е.(18) и Џ.М.Р.(13). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

На 22.06.2020 во 21.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.Зендел Џемаил по претходна расправија дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ј.С.(32) од една страна и А.А.(24) и Ј.А.(21) од друга страна, сите од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по чл.11 од ЗППЈРМ.

На 22.06.2020 во 10.00 часот во СВР Скопје, И.А.(62) од Скопје пријавил дека околу 09.00 часот на ул.11ти Октомври во Скопје бил физички нападнат од негов колега М.М.(59) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 22.06.2020 околу 10.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во месарница на ул.Максут Садик во Скопје при извршување на редовни работни задачи со машина за мелење на месо поради невнимание се повредила вработенатa С.М.(47) од Скопје, по што од доктор во Градската општа болница,Св.Наум Охридски" и била констатирана тешка телесна повреда. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје. За настанот е известен трудов инспектор.

На 22.06.2020 во 18.00 часот во СВР Скопје, Б.Ц.(64) од с.Долно Лисиче,скопско пријавила дека на ул.10 во с.Долно Лисиче била каснат од куче скитник.

На 22.06.2020 во 10.30 часот во СВР Скопје, Б.М.(43) од Скопје пријавил дека на ул. Коце Металец бил каснат од куче скитник.

СВР Велес поднесе кривична пријава против М.Д.(21) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "разбојништво". На 09.06.2020 пријавениот додека се движел со патничко возило „хјундаи пони" заедно со малолетник од Куманово, во близина на с.Караслари ги забележале А.С.Н. и Ј.А. од Авганистан како се движеле по автопатот од Р.Грција кон Р.Србија. Им понудуле да ги транспортираат до границата со Р.Србија за 200 евра и оштетените влегле во возилото, по што се упатиле кон стариот пат за Велес. Во еден момент пријавениот го сопрел возилото и побарал уште 200 евра за да стави гориво. Оштетените не се согласиле поради претходниот договор, а пријавениот и малолетникот физички ги нападнале и им се заканиле дека ќе извадат оружје. Потоа тие им даде 200 евра, а во тој момент од страна на оштетените бил одземен мобилен телефон кој бил сопственост на братот на пријавениот.

Регионалниот центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријава против А.Љ.(26) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "криумчарење со мигранти". На 21.06.2020 на магистралниот пат Штип – Велес кај место викано „делисенска пруга" од полициски службеници од Полициската станица Свети Николе, било сопрено патничко возило „порше каен", сопственост на Б.Д. од Скопје, а управувано од пријавениот. При прегледот во возилото пронајдени биле 12 мигранти од Бангладеш, од кои шест биле малолетници. На пријавениот изречена му е мерка притвор и предаден е во КПУ Затвор- Скопје.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ѓ.К.(30) од с.Петралинци, Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела "недозволено преминување на државна граница" и "непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 01.06.2020 на Граничен премин „Табановце" недозволено ја преминал државната граница на лента за излез со патничко возило „мерцедес" и во меѓуграничен простор без четири лица, сите од Струмица при што ги внел во Р.С.Македонија, со што пријавениот избегнал пасошка контрола и не постапил според здравствените прописи за време на епидемија поради непоседување на ПЦР-тест во врска со Ковид-19.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Д.М.(46) од Оризари, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 20.06.2020 од полициски службеници при вршење на контрола, утврдено е дека пријавениот не бил во својот дом каде требало да ја изврши мерката за самоизолација во траење од 14 дена за што потпишал изјава на 12.06.2020 на Граничниот премин ,,Делчево" по што бил лишен од слобода и спроведен во државен карантин.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против С.Д.(53) од Делчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 15.06.2020 во 14,30 часот од страна на полициски службеници при извршена контрола, пријавениот не бил пронајден во својот дом, со што постапил спротивно на донесено решение од државен санитарен и здравствен инспекторат со кое се става под здравствен надзор и домашна изолација во периодот од 14 дена, односно од 02.06.2020 до 15.06.2020 по што бил лишен од слобода и спроведен во државен карантин.

СВР Битола, СВР Охрид, СВР Тетово, СВР Штип и СВР Куманово поднесоа 13 кривични пријави против: И.Д.(27) од Прилеп, Д.К.(33) од Кочани, А.Т.(21), С.В.(17) двајцата од Скопје, Н.Т.(22), С.Ш.(18) од Тетово, Ј.Д.(58) од Штип, З.Ѓ.(30) од во с.Лаки, Виница, С.И.(32), Е.И.(28), А.М.(18), Ф.М.(44) и Е.А. (44), сите лет од с.Опае Липково, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела"непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените не се придржувале кон воведената мерка за ограничено движење.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет